Making Learning Fun and Ecological

# Модул:

# Алатки и методи за организација и реализација на одржлив развој и социјални претпријатија

## Водич за едукатори

| Објаснување за модулот: |
|---|
| Во секојдневието, сите правиме одредени планови и се стремиме кон одредени цели. Од организациска гледна точка, планирањето е дефинирано како „процес пеку кој организацијата идентификува краткорочни и долгорочни цели, дизајн, и имплментира стратегии за да ги постигне“. Еден важен аспект на планирањето е распределба на ресурси и работна сила во организацијата. Многу експерти веруваат дека менаџерите не можат да се ефективни без претходно планирање. Ова е значаен и голем дел од носењето на одлуки.<br><br>Планирањето одредува како една организација може да постигне своја цел. Планирањето одредува што треба да се направи во организацијата за да се постигнат целите. Основната цел на планирањето е постигнување на крајните цели. За да се постигне тоа, тој што планира мора да ја знае мисијата на организацијата, опкружувањето, ресурсите и вредностите. Сите овие се важен дел од планирањето.<br><br>Носењето на одлуки претходно беше функција во менаџментот, но сега скоро секој го категоризира во планирањето. Без разлика како вие го дефинирате, носењето на одлуки е критички важен дел за да се биде ефективен менаџер. Менаџерите носат многу одлуки секој ден. Некои од нив се мали одлуки, а некои се големи. Вашиот успех како менаџер зависи од тоа колку добро носите одлуки. Одлука претставува избор помеѓу алтернативи и носењето на одлука е процес кога се одбира една алтернатива наместо другата. Носењето на добри одлуки треба да биде процес. Односно, тоа е процеес на препознавање на проблеми и нивно решавање, или препознавање на можности и нивно користење. |
| **Цели на модулот:** |
| Генералната цел на модулот е да:<br>✓ Се дефинираат поставувања за планирање и организирање, се опишуваат чекорите во планирањето и процесот на носење одлуки. |

| |
|---|
| ✓ Се дефинираат видови на планирање и се објаснува важноста на стратешко планирање. Препознајте ги двете компоненти во процесот на носење одлуки. Преку примери научете како да планирате и да носите одлуки за вашиот бизнис.<br><br>Сепак, целта на модулот е да се научи важноста на одржливиот развој во секојдневието, не само како индивидуа, туку и како 'зелен претприемач'. |
| **Генерални инструкции** |
| Модулот би требало да се имплементира во училницата или на неколку онлајн платформи. Материјалите за изучување се подготвени активности и вежби, врз основа на дефиниции и по теоретскиот дел. Активностите и вежбите се подготвени како алатки за подготовка при планирањето, носењето на одлуки и како ова да се комбинира со околината, животната средина, одржливиот развој и како да се биде успешен зелен претприемач. |
| **Детали за модулот:** |
| **<u>Лекција 1: Дефинирање на алатки и методи за организација и реализација на одржливиот развој и социјални претпријатија.</u>**<br>Лекција 1: Дефинирање и методи за организација и реализирање на одржлив развој и социјални претпријатија. Ова е основа за активностите и вежбите. |
| **<u>Лекција 2: Планирање</u>**<br>Доколку лекција 1 ги дефинира сите основни термини, лекција 2 вовед во планирање е претставено со повеќе детали. Активностите и вежбите се основани врз ова. Планирањето со вежбите им овозможува на учесниците да се запознаат и со SWOT анализата. |
| **<u>Лекција 3: Преземање акција</u>**<br>Лекција 3 е воведена во процесот на носење одлуки и како да се пристапи кон овој процес на одлуки. Лекција 3 исто така е поврзана со одржлив развој и животна средина и околина. |
| **Активности поврзани со модулот (наслов)** |
| Активност 1 поврзана со лекција 1: Запознајте ги алатките и методите за организација и реализација на одржлив развој и социјални претпријатија преку презентација/статија и дискусија. |
| Активност 2 поврзана со лекција 2: Планирање чекор по чекор |
| Активност 3 поврзана со лекција 3: Чекори во процесот на носење одлуки |
| **Вежби поврзани со модулот (наслов)** |
| Вежба 1 поврзана со лекција 1: Квиз |
| Вежба 2 поврзана со лекција 2: Swot планирање |
| Вежба 3 поврзана со лекција 3: Носење одлуки и одржливост |
| **Целни групи** |
| Сите активности и вежби се соодветни за сите генерации, пред се препорачано е за младинци од 16 до 26 години. |
| **Совети** (со решенија за вежби и активности) |
| Препорачано е едукаторот да има некакво основно знаење за одржлив развој, цели на одржлив развој, предизвици од животната средина и одржливи заедници. Би било добро ако едукаторот има основно знаење за планирање и носење одлуки пред да се почне со овој модул. |

| Референци со видеа и друга корисна литература поврзана со модулот |
|---|
| Референците и видеата се достапни во описот на активноста и вежбите. |

Erasmus+
Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union